РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2205/2
02-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2205/1 од 12.06.2026 година со наводи за сомневање за преземење на незаконски постапки (барање поткуп) за оценка на ученик од страна на наставник, вработено лице во ООУ „-------“ во -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што за пријавените наводи се надлежени други институции.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и на Државниот просветен инспекторат, за натамошно постапување.

Предметот со 12-2205/1 од 12.06.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 12.05.2026 година поднесена е пријава од непознат подносител со наводи за преземење на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

незаконски постапки (барање поткуп) за оценка на ученик од страна на наставник, и оформен е предмет број 12-2205/1.

Имено, во пријавата се наведуваат сомненија за барање поткуп за оценка на ученик од страна на наставникот -------, вработена во ООУ „-------“ во --------. Воедно, подносителот наведува дека располага и со физички сведок кој би можел да ги потврди изнесените наводи.

По разгледувањето на предметните наводите, ДКСК констатира дека истите се однесуваат на сомненија за незаконски дејствија, за чие откривање и понатамошно постапување е надлежно Министерството за внатрешни работи. Исто така, наводите се однесуваат и на однесување на наставник во рамки на воспитно-образовниот процес, поради што за утврдување на евентуални неправилности и преземање мерки согласно прописите од областа на образованието е надлежен Државниот просветен инспекторат.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК одлучи дека за пријавениот случај нема елементи за надлежно постапување, од причина што за пријавените наводи се надлежни други органи, Пријавата со прилозите доставени кон истата да се достават на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и на Државниот просветен инспекторат.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК